РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 17-100/2
19. 09. 2013 год.
Скопје

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ, на својата 21. седница одржана на 28.06.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација нова студиска програма „Студии на политиките", втор циклус двегодишни студии на Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје**

1. Се акредитира нова студиска програма **„ Студии на политиките", втор циклус двегодишни студии на Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје,** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 на ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по студии на политиките,** научно истражувачко подрачје: Општествени и хуманистички науки, научно истражувачко поле: Студии на политиките се интердисциплинарна област. Интердисциплинарна природа едновремено мобилизира приоди од повеке полиња: социологија со нејзините културолошки аспекти, политичката економија, студии на меѓународни односи, студии на развој, родови студии, филозофија и општествена психологија, научно истражувачка област: Студии на политиките.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на претходно донесената одлука на Научниот совет на Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје за организирање двегодишна студиска програма "Студии на политиките", Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје на 22.05.2013 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ

достави предлог за прифакање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ, на својата 20. седница одржана на 29.05.2013 година формира експертска комисија за оценка на доставениот елаборат и врз основа на извештајот на експертската комисија, на својата 21. седница одржана на 28.06.2013 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски